Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 27.06.2022

Денеска (27.06.2022) во 08.10 часот на ул.„Јадранска магистрала" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.И.Д.(35) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Казнено-поправната установа Затвор Идризово, за доиздржување казна затвор од четири години и осум месеци, а осуден со повеќе пресуди на единствена казна затвор од 10 години и пет месеци за сторени кривични дела по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 26.06.2022 околу 23.15 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Т.П.(36) и малолетничка, двајцата од Скопје, затоа што кај двајцата била пронајдена марихуана, а кај Т.П. и грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (27.06.2022) во 10.50 часот во напуштена куќа на ул.„Париска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Р.(31) од Скопје. Тој бил баран со централна потерница од Казнено-поправната установа Затвор Идризово, за доиздржување казна затвор од пет месеци, а бил осуден на казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 130 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 26.06.2022 во 22.45 часот пред бензинска пумпа на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Р.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.06.2022 околу 21.00 часот на Граничниот премин Табановце од слобода бил лишен 43-годишниот М.С. од тетовско Селце, по кого била распишана потерница, поради сомнение дека извршил кривично дело семејно насилство. Тој е донесен и задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 26.06.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 262 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 143 санкции, 31 санкција за возење без возачка дозвола, 17 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, седум мерки за возач почетник, девет санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири мерки за некористење сигурносен појас...

На 26.06.2022 во периодот од 17.00 до 22.00 часот спроведена е засилена акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 58 мотоциклисти. Од нив, 34 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 14 возеле без возачка дозвола, три мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се 50 возачи кои управувале возило со брзина поголема од пропишаната и 7 за управување возило без возачка дозвола.

На 26.06.2022 околу 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на обиколница „Мајка Тереза", во близина на клучка Радишани, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел корса", со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.И.(49) од с.Горно Нерези, скопско, и мотоцикл „кавасаки", со скопски регистарски ознаки, управуван од Г.В.(45) од с.Трубарево, скопско. Од здобиените повреди на местото на несреќата починала К.В.(40) од Скопје, сопатничка на мотоциклот, додека мотоциклистот се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Исто така, со телесни повреди се здобиле Р.И. и сопатникот од возилото Е.К.(45) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје.

На 26.06.2022 во 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул. „Партизански одреди" и бул.„Св.Климент Охридски", патничко возило „даеву", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.Б.(19) од Скопје, удрило во пешакот А.И. (58) од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза", а Ф.Б. се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.06.2022 во 16.20 часот во СВР Струмица било пријавено дека на локалниот пат од с.Трибичино кон с.Едрениково, струмичко, на место викано „Бресто", трактор „ИМТ 533", со струмички регистарски ознаки, управуван од З.С.(51) од с.Дабиле, излетал од патот. Од здобиените повреди на местото на несреќата починал З.С., а со повреди се здобил К.К.(74) од с.Владевци, кој бил пренесен во Медицински центар Струмица, каде подоцна им подлегнал на повредите. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Струмица.

На 18 и 19.06.2022 полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Табановце и Полициската станица за граничен премин Долно Блаце извршиле контрола на пет автобуси, три патнички возила и еден минибус кои вршеле меѓународен превоз на патници. На Граничен премин Табановце, при контрола на автобус управуван од В.Л. од Струмица, на автобус управуван од А.М. од Кочани, на автобус управуван од Р.К. од Струмица, сите три со струмички регистарски ознаки, на автобус со гостиварски регистарски ознаки, управуван од Ф.А. од с.Шемшево, на автобус со скопски регистарски ознаки, управуван од Г.Р. од Скопје, и на три патнички возила со струмички регистарски ознаки: „мерцедес" управуван од В.Н., „фиат дукато", управуван од К.С., двајцата од струмичко и „мерцедес" управувано од К.А. од Струмица било констатирано дека вршеле меѓународен превоз на патници без поседување на соодветна документација. Исто така, на Граничен премин Долно Блаце, при контрола на возило комби со албански национални ознаки, управувано од А.Е. од Република Албанија, било констатирано дека врши меѓународен превоз на патници без поседување соодветна документација. Од страна на Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции за возачите и возилата.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Е.З.(37) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". Тој, на 05.05.2022 на приватен имот кај „Св.Еразмо" физички го нападнал С.М. од Охрид, а потоа со остар предмет му се заканил.

На 26.06.2022 околу 09.30 часот на ул.„Бранко Заревски" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.П.(48) од Скопје затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.П.(33) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на огнено оружје". Тој, неовластено извршил бришење односно оштетување на сериски број на пневматска пушка марка „HATSAN" и на 06.04.2022 ја доставил кај референтот за оружје во ОВР Кичево за регистрација.

На 26.06.2022 околу 23.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.С.(23) од Скопје пријавил дека во близина на парк на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија околу должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од М.Ј.(32) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок.

На 26.06.2022 во 22.30 часот во Полициската станица Аеродром, 42 - годишна жена од Скопје пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Аеродром нејзината малолетна внука, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот очув М.Г.(38) од Скопје, на кого му била доверена на чување од мајката на малолетничката. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2022 во 00.53 часот во Полициската станица Центар, Р.П.(72) од Скопје пријавил дека во периодот од 16.00 часот на 25.06.2022 до 23.55 часот на 26.06.2022 во негова книжарница на ул.„Ѓуро Стругар" во Скопје било влезено со употреба на сила и подесен алат и биле одземени шест уметнички слики. Исто така, денеска (27.06.2022) во 12.00 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во истата книжарница денеска повторно било влезено со употреба на сила и подесен алат и биле одземени уште 10 уметнички слики. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против В.П.(33) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 25.03.2022 во Делчево, полициски службеници кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.С.(59) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 07.06.2022 на ул. „Живко Брајковски" во Гостивар, при извршена контрола на возило, полициски службеници констатирале дека пријавениот работи како такси превозник без да поседува соодветна лиценца.